# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 02 Год. XVIII 02 февруари 2015г. примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: 22-та седница

**Совет на општина Василево**

1. **ПРОГРАМА** за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2015 г......................02
2. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот за 2013 година на општина Василево за периодот од 01.01 до 31.12.2014 година (К1)............................................03
3. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01 до 31.12.2014 година (К2)..................................................03
4. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на кварталит извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01 до 31.12.2014 година (К3)............................................04
5. **ОДЛУКА** за одобрување на финансиска помош на Сашко Димитриев од с Ангелци..................05
6. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2014 година..........................................................................................................................................05
7. **ОДЛУКА** за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Прва радост“ општина Василево.......................................................................................................06
8. **ОДЛУКА** за измени и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на општина Василево за 2015 година.............................................................................................................................07
9. **ГОДИШНА ПРОГРАМА** за обука на државните службеници во општина Василево за 2015 година.............................................................................................................................................10

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Програмата** за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2015 година,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **30.01.2015 година.**

Бр.09–330/2 Општина Василево
30.01.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево“ бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на 30.01.2015 година ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**
**за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2015 година**

Програмата која се однесува на комуналната сфера се донесува со цел да се постигнат одредени ефекти во одржувањето на улиците, патиштата, локалните депонии, атмосферската канализација, гробиштата, зелените површини, водоводната мрежа, урбаната опрема, парковите со цел подобрување и унапредување на животната средина во општина Василево.

За реализација на ова Програма потребни се 15.050.000 денари, средства кои ‘е се обезбедат од следните извори на финансиски средства:

- Од надоместокот за заедничка потрошува’ кој се наплака во општина Василево во вкупен износ од 700.000 денари и

- Од буџетот на општина Василево во вкупен износ од 14.350.000 денари.

Предлагам во Програмата за оваа година приоритет да дадеме на следните активности:

1.Ј-Трошоци се однесуваат во надлежноста на комуналните дејности за одржување на улици, патишта, депонии, канали, паркови, гробишта и други јавни површини во општината

-Ј20. Одведување и прочистување на отпадни води во Василево

1. Чистење на канали во Ангелци, Градошорци, Седларци............150.000 ден,
2. Чистење на канали во Чанаклија, Нова Маала и Доброшинци........150.000 денари,
3. Чистење на канали во Радичево, Дукатино и Сушево...150.000 денари,
4. Чистење на канали во Василево и Пиперево..............................100.000 денари
5. Чистење на канали во Владевци .150.000 д

Вкупно: 700.000 денари

- Ј 40 Јавна чистота

1. Чистење и одржување на диви депонии во сите населени места .......................400.000 ден
.

1. Чистење и одржување на гробишта во сите населени места...................... 600.000 ден.

1. Чистење, транспорт и метење на улици од цврст отпад................................350.000 ден.

Вкупно:1.350.000 денари

-Ј 70 Одржување и користење на паркови и зеленило

1. Одржување на паркови во Василево, Пиперево, Ангелци и Градошорци....................................200.000 ден.
2. Одржување на зелени површини во другите населени мест...................100.000 ден.

Вкупно: 300.000 денари

-Ј 80 Други комунални услуги
1. Посипување и порамнување на земјените локални патишта и улуци во сите населени места во општина Василево---700.000 денари.
Вкупно:700.000 денари

**-ЈИА** Изградба на систем за одведување и пречистување на отпадни води
1. Изградба на канал на река во Сушево во должина од 1 км........................12.000.000 ден.
Вкупно: 12.000.000 денари

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.08-330/1 Совет на општина Василево
30.01.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот за 2014 година на општина Василево за периодот од 01.01.2014 до 31.12.2014 година(К1) ,
што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 30.01.2015 година

Бр.09–331/2 Општина Василево
30.01.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02),член 32 став 1 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 61/04) и член 21 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.01.2014 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот за 2013 година на општина Василево за периодот од 01.01. до 31.12.2013 година(К1)

Се усвојува кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за периодот од 01.01. до 31.12.2013 година (К-1).

-Составен дел на овој Заклучок е и Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за периодот од 01.01. до 31.12.2013 година(К-1).

-Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.08-331/1 Совет на општина Василево
30.01.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за период од 01.01.2014 до 31.12.2014 година(К2) ,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 30.01.2015 година

Бр.09–332/2 Општина Василево
30.01.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

--------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02),член 32 став 1 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 61/04) и член 21 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.01.2013 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2014 година(К2)

-Се усвојува кварталениот извештај за доспеаните а неизмирени обврски за период од 01.01 до 31.12.2013 година (К-2)

-Составен дел на овој заклучок е кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски за период од 01.01 до 31.12.2013 година (К-2)

Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.08-332/1 Совет на општина Василево
30.01.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01.2014 до 31.12.2014 година (К-3),

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 30.01.2015 година

Бр.08-333/1 Општина Василево
30.01.2015г. Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-----------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02),член 32 став 1 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 61/04) и член 21 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.01.2013 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2013 година (К-3)

Се усвојува кварталениот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2013 година (К-3)

Составен дел на овој заклучок е кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2013 година (К-3)

Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.08-333/1 Совет на општина Василево
30.01.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.
.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиска помош на Сашко Димитриев од с.Ангелци ,
што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08–334/2 Општина Василево
30.01.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр.04/03, бр.08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 30.01.2015 година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски помош на Сашко Димитриев од с. Ангелци**

член 1
Со оваа Одлука Советот на општина Василево одобрува финансиски средства во износ од **20.000,00** денари на Сашко Димитриев од с. Ангелци .

член 2
Средствата утврдени во член 1 се одобруваат на Сашко Димитриев од с. Ангелци за негово лекување.

член 3
Финансиските средства ќе се уплатат на сметката на нејзиниот татко Сашко Димитриев од с. Ангелци со ЕМБГ : 2509991460001 и сметка 250008000509380 депонент Инвест Банка.

член 4
Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2015 година.

член 5
Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.08-334/1 Совет на општина Василево
30.01.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево „Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2014 година,
што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08–335/2 Општина Василево
30.01.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02), член 21 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 30.01.2015 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2014 година

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2014 година.

2. Составен дел на овој заклучок е Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2014 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.08-335/1 Совет на општина Василево
30.01.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на опшштина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Прва радост“ општина Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08–336/2 Општина Василево
30.01.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-----------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самуправа („Службен ваесник на РМ“ бр.5/02) и член 21став 1 точка 44 од Статусот на општина Василево („Службен гласник на општина василево“ бр. 04/03,08/06 и 09/10), а во врска со член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13,12/14 и 44/14), Советот на општина Василево на седница одржана на ден 30.01.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
За утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Прва радост,“општина Василево

Член 1

Почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Прва радост“ општина Василево се утврдува за периодот од 06.00 до 17.00 часот.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Василево

Бр.08-336/1 Совет на општина Василево
30.01.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Василево за 2015 година,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08–337/2 Општина Василево
30.01.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

------------------------------------------

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 23 точка 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) како и според членот 38 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево“ бр. 04/03, 08/06 и 09/10), Градоначалникот на општина Василево му предлага на Советот na општина Василево на својата наредна седница да ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

*за измени и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на општина Василево за 2015 година*

Член 1

Буџетот на општината Василево за 2015 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа одлука.

Член 2

Буџетот на општината содржи општ, посебен и развоен дел и преставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации; буџетот на заеми и Развојните планови за 2015, година.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во Буџетот на општината, односно значително отстапуваат од планот или во текот на извршувањето на буџетот, при што градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни распределби на одобрените средства со буџетот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во текот на годината најдоцна до 15 Ноември.

Ребалансот на буџетот на општината се донесува во постапка според која се донесува буџетот на општината.

Член 6

При донесување на Одлука за прераспределба во рамки на одобрениот буџет (пренамена) на средствата во буџетот на општината, одобрените средства од буџетот на ниво на ставка во потпрограма и буџет, не може да се намалат повеќе од 20% во однос на иницијалниот Буџет. што се однесува на Одлуката за прераспределба (пренамената) во делот на платите и надоместоците во рамките на буџетот не може да се зголеми со Одлука за прераспределба повеке од 10% од

основниот („Службен весник на РМ“ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10 и 180/11).

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат за: избраните и именуваните лица нето појдовната основа за 1 коефициент изнесува просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година согласно Законот за исплата на плати во РМ („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10 и 11/12) и Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на РМ“ бр. 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 161/10,11/12 и 139/2014) во износ од 26.755 денари, додека за вработените кои имаат статус на државни службеници платата е уредена со одредбите на членот 43 од Законот за државни службеници и не може да биде повисока од вредноста на бодот утврдена со одлука со Влада на РМ за соодветната фискална година согласно член 17 од Законот на државни службеници („Сл. Весник на РМ“ бр.114/9) односно вредноста на бодот за платите на државните службеницизa периодот од 01.01.2015 година до 31.12. 2015 година изнесува 76,8 денари, во согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот платите на државните службеници за 2014( „Сл. Весник на РМ“ бр 1/14,143/14)

Исплатата на плати на локалните установи кои ќе се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници се задолжени три дена пред исплатата на платите до општината да доставaт барање за одобрување на средствата за плати кон кое ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од Рекапитулацијата за пресметката на плата, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета и е-маил) за односниот месец за кој се поднесува исплатата.

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината, градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното министерство од кое се трансферираат блок дотацијата.

Согласност за нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотација ќе се дава за:

- ✓ Вработувања за кои ќе се обезбедени средства во буџетот на РМ за тековната фискална година, за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација по било кој правен основ (согласно член 51 став 1 и 4 од Законот за буџети);
- ✓ Вработувања за кои се обезбедени средства во буџетот на општината за тековната фискална година, за што писмено известување ќе даде градоначалникот на општината (член 51 став 3 и 4 од Законот за Буџети).

Член 10

На членовите на советот на општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седници на советот.

Средствата за исплата на месечниот надоместок на членовите на советот за присуство на седници од ставот 1 на овој член се обезбедуваат од буџетот на општината и изнесува 45% од просечно исплатената нето плата во предходната година. На претседателот на советот на општината, за раководењето и организирањето на работата на советот надоместокот од предходниот став се зголемува за 30% (Согласно измените и дополнувањето на Законот за плати и други надоместоци на избраните и именувани лица на Република Македонија „Службен весник на РМ“ бр. 42/10).

Месечниот надоместок за присуство на седници на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот. Месечниот надоместок за присуство на седници на советот не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец. Надоместокот не се исплатува и во случај на неодржување на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Член 11

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 500 денари (денари).

Надоместокот за патување во странство се уредени со посебната уредба објавена во („Службен весник на РМ“ бр.50/00, 64/01, 110/08 и 82/10) каде се утврдени издатоците за сместување, исхрана и за превоз, при што износот на дневницата се исплатува: 35% од утврдената дневница, кога вкупните трошоци паѓаат на товар на општината, доколку пак издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на општината не се исплатува дневница.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член. Доколку на вработениот му се обезбедени ноќевање и исхрана му следуваат 20% од утврдениот износ на дневницата.

Член 12

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработените во општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите.

Член 13

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помоќ во износ од две последно исплатени просечни месечни плати во органот каде ќто бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

На вработениот во опќтината и локалната јавна установа, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000 денари по семејство. Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локалната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош).

Сите исплати на предходните надоместоци се вршат врз основа на предходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на градоначалникот на општината.

Член 14

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност до 6000 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 15

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува советот на општината а ги извршува градоначалникот. За искористените средства градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 16**

Средствата утврдени во Буџетот се распоредени во поодделните програми и потпрограми а ги извршува градоначалникот на општината.

Член 17

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства. Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација

Член 18

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со Решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 19

Буџетот на Општината Василево се извршува од 01.01.2015 до 31.12.2015 година.

Член 20

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општината Василево", а ќе се применува од 01 Јануари 2015 година.

Бр.08-337/1 Совет на општина Василево
30.01.2015г. Претседател,
Василево Душко Атанасов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Годишната програма за обука на државните службеници во општина Василево за 2015 година ,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08–338/2 Општина Василево
30.01.2015г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-----------------------------------------------

Врз основа на член 24 став (3) и (4) од Законот за државните службеници ("Службен весник на РМ" бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003,40-2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 6/2009, 114/2009, 35/2010, 167/2010, 36/2011, 6/2012, 24/2012, 15/2013 и 82/2013 и 106/2013) и член 21 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на Оп[тина Василево бр. 04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на седница која се одржа на ден 30.01.2015год. ја донесе следната

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
ЗА ОБУКА НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ОПШТИНА ВАСИЛЕВО ЗА 2015 ГОДИНА

**1.Цел на Годишната програма за обука**

Годишната програма за обука на државните службеници во општинската администрација на општина Василево се донесува со цел за планско и систематско развивање на човечките капацитети на општинската администрација. Со обуката на државните службеници ќе се овозможи квалитетно остварување на законските надлежности на општината а со тоа ќе се овозможи и подобрување на услугите на општината кон граѓаните. Покрај тоа со одржување на обуките на државните службеници во општинската администрација на општина Василево ќе се допринесе и квалитетно остварување на стратешките насоки на општината.

Изготвувањето на Годишната програма за обука претставува комплексен процес бидејќи истата се изработува врз основа на претходно спроведена анализа на потреба од обука на државните службеници во која беа дефинирани алатките кои треба да покажат кој државен службеник од каква потреба од обука има поради квалитетно извршување на своите работни цели и задачи. Обуките секако ќе овозможат државните службеници да се стекнат со нови знаења и вештини, а со тоа ќе се обезбеди развој на персоналот како и поголема посветеност, мотивација и морал во извршување на работните задачи. Ова ќе придонесе и развој на организацијата преку подобро искористување на севкупниот потенцијал, како и работење во тимови, подобрување на меѓусебната комуникација на државните службеници. Бидејќи општините постојат за граѓаните каде ги оставруват своите потреби на локално ниво, обуките на државните службеници ќе придонесат услугите кои ги испорачува општинската администрација да бидат побрзи, поефикасни и ефективни а со тоа ќе се овозможи кај граѓаните да се стекне доверба ви извршување на истите.

**2. Приоритетни области за обука на ДС**

Во општина Василево се појавуваат повеќе приоритетни области за обука на сржавните службеници и тоа од пренесените надлежности од државно на локлано ниво и тоа од областа на урбанистичкото планирање, локалниот економски развој, планирање и водење на локална економска политика и воспоставување на партнерства, од областа на комуналните дејности, образованието, финансирањето, јавната администрација и административната процедура, односи со јавноста, деловно работење и менаџмент со човечки ресурси.

Приоритетни области се генеричките обуки затоа што ги организира Министерството за информатичко општество и администрација

Наслов: Обука на членови на советот за обука и Стручната работа

Наслов: Управување со проектен циклус –А

Налов: Управување со проектен циклус – Б

Наслов: Регистар на државни службеници

Наслов: Антикорупциски мерки и етика во државната служба

3.Годишни цели на органот

Согласно годишната програма за обука на државните службеници Општина Василево има за цел да го зајакне капацитетот на државната администрација преку

организирање на генерички и специјализирани обуки за оние државни службеници во оние области кои претставуваат приоритет за општината за што поквалитна испорака на услугите на граганите, а има потрба од обука на државните службеници заради квалитетно извршување на законските надлежности а со што ќе се подобри и квалиеторт на услугата која општината ја испорачува до граѓанинот како основен субјект заради кој постојат и институциите на системот вклучително и локалната самоуправа- општината.

**4.Оправданост/причини за предвидените обуки.**

Лицето што ја спроведе анализата за потреба од обука на државните службенции при планирањето на обуките се раководеше од потребите на општината како организација заради остарување на сопствените цели. Така што ќе се обезбеди развој на пероналот, поголема мотивација за извршување на работните цели и задачи, подобро извршување на истите. Тоа ќе придонесе државните службеници тимски да се извршуваат работите онаму каде има услови за работење во тимови, намалување на грешките во работењето а со тоа ќе се намалат и трошоци како и подобрување на односот кон граѓаните.

**5. Финансирање**

Извори за финансирање на обуките ќе се обезбедат од Буџетот на РМ, Буџет на Министерството за информатичко општество и администрација и Буџетот на општина Василево како и од донатори кои ќе се појават како испорачувачи и финансиери на предвидените обуки.

**6. Извори на информации**

Во изработката на Нацрт-Годишната прогрма за обука се користеа Стратегиските насоки на општината, Програмата за работа на Советот на општина Василево, спроведената анализа за обука како и Правилникот за систематизација на работните места на државните службеници во општинската администрација на општина Василево.

**Табела А. ГЕНЕРИЧКИ ОБУКИ**

| Ред.број | Област | Тема | Целна група (број) | | | Период (квартал) | | | | Финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | РДС | СДС | САДС | I | II | III | IV | Буџет на органот | Други извори |
| 1. | Управување со човечки ресурси | Организациона структура и опис на работни места | 1 | | | * | | | | * | * |
| 2. | Управување со проектен циклус | Дизајнирање на проекти | | 3 | | * | | | | * | * |
| 3. | * | Имплементација на проекти | | 3 | | | * | | | * | * |
| 4. | * | Мониторинг и евалуација | | 3 | | | * | | | | |
| 5. | | Обезбедување средства за проекти | | 3 | | | * | | | * | * |
| 6. | ИТ вештини | оперативни системи | | | 2 | * | | | | * | * |
| 7. | Управување со финансии | Јавни набавки | | 2 | | | * | | | * | * |
| 8. | * | Финансиско планирање | | 2 | | | * | | | * | * |
| 9. | Систем на јавн.адм.и држ.служба | Управна постапка | | 2 | | | * | | | * | |
| 10. | Административно работење | Деловна комуникација | | 2 | | | | | | * | * |
| 11. | * | Архивско работење | | | 2 | | | * | | * | * |
| 12. | Комуникација | Односи со јавност | | 1 | | * | | | | * | |
| 13. | * | Прибирање,обработка и | | 1 | | | * | | | * | |

**Табела Б. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ**

| ед.број | Област | Тема | Целна група (број) | | | Период (квартал) | | | | Финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | РДС | СДС | САДС | I | II | III | IV | АДС | Орган |
| **1.** | Урбанистичко планирање | Водење на управно-правна постапка и второстепена управна постапка | | 1 | | * | | | | * | |
| **2.** | ЛЕР | План. и водење на л.е.п. | | 1 | | | * | | | * | |
| **3.** | * | Воспоставување партнерства | | 1 | | * | | | | * | |
| **4.** | Заштита на животната средина | Управување со отпад | 1 | | | * | | | | * | |
| **5.** | Комунални дејности | Јавни патиШта | 1 | | | * | | | | * | |
| **6.** | * | Превоз во патен сообракај | | 1 | | | * | | | | |
| **7.** | * | Планирање | 1 | | | | | * | | * | |
| **8.** | * | Надзор | | 1 | | | | | * | * | |
| **9.** | Образование | Администрирање на установите | | 1 | | * | | | | | |
| **10.** | * | Воспитно-обр.деј. во осно. и ср.образ. | | 1 | | * | | | | | |
| **11.** | Финансирање | Внатрешна контрола и ревизија | | 1 | | * | | | | | |
| **12.** | * | Буџет на општината | | | 1 | | * | | | | |
| **13.** | * | Извори на приходи | | 3 | | | | | * | | |

**Табела А. ГЕНЕРИЧКИ ОБУКИ**

| Ред.број | Област | Тема | Целна група (број) | | | Период (квартал) | | | | Финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | РДС | СДС | САДС | I | II | III | IV | Буџет на МИОА | |
| 1. | Управување со човечки ресурси | Организациона структура и опис на работни места | 1 | | | * | | | | * | |
| 2. | Управување со проектен циклус | Дизајнирање на проекти | 3 | 3 | | * | | * | * | * | |
| 3. | * | Имплементација на проекти | 4 | 2 | | * | * | | * | * | |
| 4. | * | Мониторинг и евалуација | 2 | 2 | | * | * | | * | | |
| 5. | | Обезбедување средства за проекти | | | | | * | | | * | |
| 6. | ИТ вештини | оперативни системи | 1 | 2 | 2 | * | | | * | * | |
| 7. | Управување со финансии | Јавни набавки | 1 | 3 | | * | * | | * | * | |
| 8. | * | Финансиско планирање | 2 | 2 | | | * | | * | * | |
| 9. | Систем на јавн.адм.и држ.служба | Управна постапка | 4 | 4 | 3 | * | * | | * | | |
| 10. | Административно работење | Деловна комуникација | 4 | 4 | | * | | | * | * | |
| 11. | * | Архивско работење | 2 | | 4 | * | | * | | * | |
| 12. | Комуникација | Односи со јавност | 1 | 1 | | * | | | | * | |
| 13. | * | Прибирање,обработка и управување со информации | 1 | 1 | | | * | | | * | |
| 14. | Управување со човечки ресурси | Основи на управување со чов.ресурси | 2 | * | | * | | | * | | |
| 15. | * | Обука и стручно усовршување | | 2 | | | | | * | | |

**Табела Б. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ**

| **ед.број** | **Област** | **Тема** | **Целна група (број)** | | | **Период (квартал)** | | | | **Финансиски средства** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **РДС** | **СДС** | **САДС** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **Други извори** | **Буџет на Орган** |
| **1.** | Урбанистичко планирање | Водење на управно-правна постапка и второстепена управна постапка | 4 | 1 | | * | | | * | * | * |
| **2.** | ЛЕР | План. и водење на л.е.п. | | 1 | | | * | | | * | * |
| **3.** | * | Воспоставување партнерства | **4** | * | | * | | | | * | * |
| **4.** | Заштита на животната средина | Управување со отпад | 4 | | | * | | | * | * | * |
| **5.** | Комунални дејности | Јавни патишта | 3 | | | * | | | | * | * |
| **6.** | * | Превоз во патен сообраќај | **3** | | | | * | | | | |
| **7.** | * | Планирање | 1 | | | | | * | | * | * |
| **8.** | * | Надзор | | 1 | | | | | * | * | * |
| **9.** | Образование | Администрирање на установите | **2** | 3 | | * | | | | | |
| **10.** | * | Воспитно-обр.деј. во осно. и ср.образ. | | 1 | | * | | | | | |
| **11.** | Финансирање | Внатрешна контрола и ревизија | | 1 | | * | | | | | |
| **12.** | * | Буџет на општината | **1** | **1** | 1 | | * | | | | |
| **13.** | * | Извори на приходи | | 2 | | | | | * | | |

Бр.08-338/1
30.01.2015г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Душко Атанасов с.р.